# З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

**(Законот е објавен во Службен весник на СРМ, бр.54 од 27 февруари 1985 г.)**

Член 1

Во Законот за цивилните инвалиди од војната ("Службен весник на СРМ", број 33/76, 25/79 и 11/81) член 9 се менува и гласи:

"Основа за определување на висината на цивилната инвалиднина за цивилните инвалиди од војната е просечниот чист личен доход остварен во Социјалистичка Република Македонија во пертходната година (во натамошниот текст: просечен чист личен доход).

Висината на цивилната инвалиднина се определува за:

I. група 50% од висината на просечниот чист личен доход,

II. група 40% од висината на просечниот чист личен доход

III . група 32% од висината на просечниот чист личен доход

IV. група 25% од висината на просечниот чист личен доход.

V. група 20% од висината на просечниот чист личен доход.

Месечниот износ на висината на цивилната инвалиднина од став 2 на овој член, секоја година го утврдува претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика, врз основа на службени податоци на Републичкиот завод за статистика".

Член 2

Во член 11 став 1, член 12 став 1 и 2, член 13, член 14 став 1 и член 16 зборовите: "на здравството и здравственото осигурување" се заменуват со зборовите: "за здравствена заштита".

Член 3

Во член 12 став 1 и член 14 став 1, зборовите: "здравствено осигурување" се заменуваат со зборовите" "здравствена заштита".

Член 4

Во член 14 став 2 и член 29 став 2, зборовите: "Републичкиот секретар" се заменуваат со зборовите: "Претседателот на Републичкиот комитет".

Член 5

Во член 20 став 2 и член 24 став 2, зборот: "секретаријат" се заменува со зборот "комитет".

Член 6

Во член 31 став 1 се менува и гласи:

"Првостепениот орган во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе изврши преведување на корисниците кои оствариле право на цивилна

инвалиднина врз основа на Закон за цивилните инвалиди од војната ("Службен весник на СРМ", број 33/76, 25/79 и 11/81).

Член 7

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 март 1985 година.